СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

***септември 2015 година***
***ЕУЦ-број 14/2015***




"…Верувам дека сите ќе се сложиме дека успесите многу полесно ги правиме кога имаме висок степен на единство околу конкретни прашања, без разлика дали станува збор за внатрешни прашања или за остварување на стратешката цел, интеграција во ЕУ и НАТО....Во овие 24 години и покрај сите пречки и блокади Република Македонија и понатаму активно продолжува да биде фактор на стабилност и конструктивност во регионот. И поради нас самите, и поради евроинтегративните процеси, овде во законодавниот дом и во целина, продолжуваме да ги правиме потребните реформи и усогласувања. Нема поголема причина за единство, од Македонија и од иднината на нашите граѓани!....."

*Дел од обраќањето на претседателот на Собранието на Република Македонија г.Трајко Вељаноски, по повод 8 Септември - Денот на независноста*

## Содржина на вести:


ЕУ со конкретни одговори на миграциската криза 1
Во фокусот на Европскиот парламент 2
Кампања на Данска за одвраќање на мигрантите 3
Имиграцијата во Германија достигна највисоко ниво 3
Нова анкета-повеќето Британци за излез од ЕУ 4
Социјалните мрежи да се заложат за отстранување на говорот на омраза 4
Јавна расправа по Предлог-законот за безбедност на сообраќајот на патиштата 5
Посета на Арлем Дезир, државен секретар за европски прашања при МНР на Р.Франција 5
Приоритет за Македонија е неодложно отпочнување на преговорите со ЕУ 6
Одржан петиот состанок на ПДВН 7
Два нови сателити за системот Galileo 8
Одбележан Меѓународниот ден на мирот 8
Во 2014 изгубени 18 милиони хектари шуми 9
Регионите на ЕУ бараат подобар пристап до средствата од планот на Јункер 10
ЕУ календар октомври/2015 10


## ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОНКРЕТНИ ОДГОВОРИ НА МИГРАЦИСКАТА КРИЗА

На 24 септември годинава во Брисел шефовите на држави и влади на ЕУ одржаа вонреден самит на Европскиот совет на кој се донесе одлука во однос на неодложните приоритети и детално се разговараше како да се постигнат долгорочни и одржливи решенија.
Постигната е согласност дека нема едноставни решенија и со предизвикот може да се соочат единствено со заедничка работа во духот на солидарноста и одговорноста.
Сите земји-членки на ЕУ мора да ги почитуваат и спроведуваат постојните правила, Даблинската спогодба и шенгенската правна придобивка.
Од институциите на ЕУ и владите на земјите-членки се бара брзо да започнат да работат на приоритетните мерки предложени од Комисијата.
Побарани се оперативни одлуки за најитните прашања пред октомврискиот состанок на Европскиот совет, согласно следните одредници:
1. Да се одговори на итните потреби на бегалците во регионите со помош на Високиот комесаријат на ОН за бегалци, Светската програма за храна и др. агенции со дополнителен износ од најмалку 1 милијарда евра;
2. Да се помогне на Либан, Јордан, Турција и др.земји во решавање на Сириската бегалска криза, меѓудругото и со значајно зголемување на регионалниот фонд за заштита на ЕУ, формиран како одговор на реакцијата на Сириската криза (Fond Madad);
3. Да се зајакне дијалогот со Турција на сите нивоа;
4. Да се помогне на земјите од Западен Балкан, во управувањето со протокот на бегалци, помеѓу другите и со претпристапните инструменти, како и да се обезбеди брза и добра подготовка на конференцијата за западнобалканската рута (8 октомври 2015)
5. Зголемување на финансирањето на кризниот заеднички фонд за стабилност и решавање на темелните причини на незаконски миграции и раселените во Африка преку дополнителни придонесе на државите членки и оптимална подготовка за состанокот во Валети (11 и 12 ноември 2015);
6. Да се реши драматичната состојба на надворешните граници на ЕУ, меѓудругото и по пат на дополнителни средства за FRONTEX, EASD и EURO-POL ;
7. Да се исполнат барањата на најизложените земји-членки, за помош на институциите и агенциите како би се обезбедила идентификацијата и регистрација на мигрантите со земање на отисоци и истовремено да се обезбеди преместување и враќање најдоцна до крајот на ноември 2015;
8. Да се зголеми финансирањето на кризниот фонд за азил,интеграција и миграции како и на Фондот за внатрешна безбедност.
Се повикуваат институциите, агенциите и земјите-членки да ја забрзаат работата на сите аспекти од мигрантската криза.
Сумите кои ќе бидат алоцирани се:
- 100 милиони евра за помош на најпогодените земји-членки,
- 600 милиони евра за агенциите на ЕУ во 2016 година,
- 200 милиони евра за Светската програма за храна за 2015,
- 300 милиони евра за хуманитарна помош во 2016 година, и
- 1 милијарда евра за Турција.
На средбата во Брисел беше донесена одлука за итно формирање центри за прием и регистрирање мигранти и бегалци по надворешните граници на ЕУ, најмногу во Грција и Италија.
На Република Македонија и Република Србија доделена е помош од 17 милиони евра за справување со мигрантската криза.
Миграцијата повторно ќе биде на дневен ред на состанокот на Европскиот совет во октомври годинава.
http://www.consilium.europa.eu/en/

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



*« Земјите-членки кои учествуваат во прераспределба на мигрантите ќе добијат 6.000 евра по преместено лице, вклучувајќи стапка на предфинансирање од 50%, со цел да им овозможи на националните власти да реагираат брзо. Земјите, од кои ќе бидат префрлени барателите на азил ќе добијат 500 евра по лице за покривање на трошоците за превоз.»*

*Пленарна седница 6-9 јули 2015, Стразбур*

На 9 септември 2015 година претседателот на Европската комисија, Жан Клод Јункер одржа годишен говор за ситуацијата во ЕУ. Европскиот парламент на пленарната сесија главно се фокусира на состојбите со миграцијата и грчката криза.

Европратениците го поддржаа предлогот за забрана на клонирање на животни и производи од нив, вклуцително и увоз во ЕУ.

Со новите правила се укинува трговијата со производи добиени преку ловот на фоки, заради одржливо управување на морските ресурси.

Европратениците го одобрија Извештајот за влијанието на системот за следење на заштитата на човековите права во странски земји, со забелешка дека европската технологија не треба да се користи во кршење на човековите права.

Со резолуција, ЕП ги поддржа мерките за родова еднаквост на сите нивоа во образовниот систем, со цел елиминирање на стереотипите и да се помогне за намалување на разликата меѓу нивото на образование и професионално напредување на жените.

Европскиот парламент ги осуди незаконските судски пресуди во Русија против естонскиот полицаец Естон Кохвер, режисерот Олег Сетсов и активистот Олександра Колшенка барајќи нивно ослободување.

*Пленарна седница 16-17 септември 2015, Брисел*

Европратениците на 16 септември годинава усвоија резолуција во која се содржани препораките на Парламентот во однос на Програмата на Европската комисија за 2016 година. Пратениците ја повикаа Комисијата да го искористи своето право со цел да се даде јасно лидерство на Унијата за заштита на климата, енергетската независност и ефикасност на ресурсите, транзицијата кон дигитално општество, како и улогата на ЕУ во глобалната конкуренција.

Европратениците повикаа на повторно промовирање на стратегијата Европа 2020 и брза акција за Извештајот за комплетирањето на економската и монетарна унија.

Европарламентот ја нагласува потребата за борба против даночните измами и затајување и го повтори повикот за сеопфатен и глобален пристап кон азилот и миграциската политика.

Европскиот парламентот го усвои предлогот на Комисијата за итна прераспределба на 120.000 баратели на азил од Италија, Грција и Унгарија и др. држави.

Земјите-членки кои учествуваат во распределбата ќе добијат 6.000 евра по преместено лице, вклучувајќи стапка на предфинансирање од 50%, со цел да им овозможи на националните власти брзо да реагираат. Земјите од кои ќе бидат префрлени баратели на азил ќе добијат по 500 евра за лице за покривање на трошоците за превоз.

Голем број од европратениците, повикаа на усвојување на нови пазарни мерки за борба против нестабилните цени на земјоделските производи. Програмата за помош од 500 милиони евра претставува чекор во вистинската насока, но не е доволен со оглед на цените кои постојано се во опаѓање. Потребно е подобрување на кризните инструменти за управување и позицијата на земјоделците во синџирот на производство на храна. Некои пратеници ја обвинија пазарно-ориентираната политика за тековната криза и повикаа на усвојување на мерките за управување со понудата, особено кога станува збор за секторот за млеко. Други европратеници бараат усвојување на структурни реформи за поедноставување на Заедничката земјоделска политика и подобрување на конкурентноста на европските земјоделци на светскиот пазар.

http://www.europarl.europa.eu/news/

## КАМПАЊА НА ДАНСКА ЗА ОДВРАЌАЊЕ НА МИГРАНТИТЕ

Министерството за имиграција, интеграција и домување на Данска објави оглас во либанските медиуми со цел да ги одврати мигрантите со порака „Не доаѓајте во Данска“. Во Либан, земја со популација од 4,5 милиони луѓе, сместени се повеќе од 1,1 милион бегалци од Сирија.

Огласите беа објавени во четири либански весници со порака да се има предвид дека Данска значително ги намали сите социјални придобивки за барателите на азил. За оние лица кој имаат дозвола за престој не се дозволува да носат членови од своите семејства во текот на првата година. Дозвола за престој издадена е само на лица кои го зборуваат данскиот јазик, додека одбиените баратели на азил се вратени дома во нивните земји.

Овие мерки беа едни од првите најави на новата Данска влада, предводена од десницата по парламентарните избори во јуни годинава. Данска се обидува да го намали бројот на баратели на азил, иако сеуште годинава очекува бегалци околу 20.000 во споредба со 14.000 бегалци во 2014 година.

Германија и Шведска прифатија голем број бегалци во последните години, додека Данска го намали бројот на имигранти со донесување на закони кои ги обесхрабруваат барателите на азил да патуваат во таа земја.

Шведска примила околу 80.000 бегалци, најмногу од сите земји во Европската унија, во однос на бројот на населението од 9,7 милиони. Германија е европска земја со најмногу примени бегалци од Сирија.

Според Премиерот на Данска Ларс Расмусен “кризата со бегалците може да се реши само со заедничко решение. На секого му е јасно дека системот за азил во Европа е под голем притисок, неодржлив по многу основи”.
http://www.euractiv.com/sections/justice-home-affairs/denmark



## ИМИГРАЦИЈАТА ВО ГЕРМАНИЈА ДОСТИГНА НАЈВИСОКО НИВО

Според извештајот од Канцеларијата за статистика, од 3 септември годинава, имиграцијата во Германија во 2014 година достигнала највисоко ниво во споредба со податоците во изминатите 20 години, односно од 1992 година. Постојат предвидувања дека бројката би можела да се зголеми до 800.000 емигранти.
Приближно 550.000 луѓе се преселиле во Германија во минатата година, повеќето од Европа и најмногу од Полска. Релативно либераните закони за азил и бенефициите кои се даваат, придонесоа Германија да стане најатрактивна европска земја со најмногу барања за азил.
Оваа година бројките значително беа зголемени со бран од десетици илјади луѓе од Средниот Исток и Африка, кои преку земјен и воден пат бегаат од војните во матичните земји.

Економските емигранти од Југоисточна Европа, вклучуваат 13% повеќе од Италија во однос на 2014 година, но исто така се зголемил и интересот кај источно европските држави како Бугарија, Романија и Хрватска.
Повеќе од двојно се зголемил бројот на бегалци од Сирија. Најголе зголемување е забележано кај бегалците од Еритреја, нивниот број тројно се зголемен во споредба со 2014 година.
Според Германскиот канцелар Ангела Меркел, справувањето со приливот на барателите на азил претставува најголем предизвик за Европа.

http://www.euractiv.com/sections/global-europe/immigration-germany



## НОВА АНКЕТА - ПОВЕЌЕТО БРИТАНЦИ САКААТ ИЗЛЕЗ ОД ЕУ

Референдумот за прашањето за Британското членство во Унијата ќе биде организиран во 2017 година.
Според истражувањето на јавното мислење објавено на 6 септември годинава, Британците сакаат да ја напуштат Европската унија пред 2017 година.
Според анкетата спроведена од агенцијата за истражување на јавното мислење „Survation“, 43% од испитаниците се за напуштање на ЕУ, 40% сакаат да останат во ЕУ, додека неопределени се изјасниле 17%.
Истражувањето, било спроведено преку интернет, на 3 и 4 септември со анкетирани вкупно 1004 испитаници и статистичка грешка од два проценти поени.
Претходно, на почетокот на јуни годинава било спроведено истражување каде поддршката за останување во ЕУ изнесувала 45%, додека 37% од испитаниците биле за излегување од ЕУ, а 18% се изјасниле како неопределени.
Според новото истражување од 6 септември годинава, се забележува дека 22% се изјасниле дека сакаат да останат во Унијата но дека ќе го променат нивното мислење доколку се влоши бегалската криза во Европа.
Од анкетираните, 29% изјавиле дека Велика Британија не треба да прифаќа повеќе сириски бегалци, што претставува највисок резултат по прашањето - колку мигранти треба да прими Велика Британија.
Пратениците од Долниот дом на Британскиот Парламент ќе расправаат и ќе гласаат за нацрт-законот кој ќе овозможи да се одржи референдумот.
Британскиот премиер Дејвид Камерон изјави дека ќе продолжи со кампањата за останување на Велика Британија во Европската унија и дека земјата сака да биде дел од ЕУ доколку бидат извршени „неопходните реформи“.

http://www.euractiv.com/sections/uk-europe/new-poll-shows-uk-would-vote

## СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ДА СЕ ЗАЛОЖАТ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Онлајн говорот на омраза е застапен на социјалните мрежи, со што ја зголемува нетрпеливоста која се изразува преку агресивен национализам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, емигрантите или лицата со емигрантско потекло.
Министерот за правда на Германија, Хајко Мас уште еднаш побара од Твитер и Фејсбук да се справат со објавените текстови и видеа со ксенофобични содржини и повика да се преземат мерки за корисниците кои ја злоупотребуваат целокупната општествено-политичка ситуација. За германскиот весник „Билд“, на 8 септември министерот Мас изјави дека „Интернетот одамна е платформа за ширење на екстремистичка содржина што не може и не смее да се толерира. Фејсбук и Твитер пловат на ист брод.“
Сите социјални мрежи треба да покажат интерес и да се заложат за говорот на омраза наскоро да биде отстранет. Зголемениот број на бегалци кои пристигаат во Европа се соочува со масовно ширење на екстремистичка омраза, пораки и коментари на интернет, со заканувачки и насилен карактер.
Партијата на зелените во Европскиот парламент повика на поставување „Фејсбук полиција“. Европратеникот Јан- Филип Албрехт од партијата на Зелените, изјави дека има потреба од формирање на посебен оддел во Европол кој ќе соработува со локалните власти во системското пребарување на форумите и социјалните мрежи, и за ефикасно спроведување на прекугранични истраги. Новиот оддел би требало да биде поврзан со Европскиот центар за компјутерски криминал со седиште во Хаг.
Европратеникот Албрехт повика на хармонизирање на стандардите кај социјалните мрежи и предупреди дека во многу закони се наоѓа начин за избегнување на одговорноста од страна на Фејсбук.
http://www.euractiv.com/sections/infosociety/social-networks-again-told-

## ЈАВНА РАСПРАВА ПО ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Националниот совет за евроинтеграции заедно со Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Македонија на 2 септември годинава организираа јавна расправа по Предлог-законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, чие донесување е предвидено во НПАА-ревизија 2015.

Целта на донесување на новиот закон е надминување на одредени недоследности од досегашната примена на законот како и заради усогласување со правото на ЕУ од соодветната област, со Директивата на Советот (91/671/ЕЕЗ), Директивата на Европскиот парламент и Советот 2003/20/ЕЗ и Директивата 2006/126/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот.

Новиот предлог-закон е резултат на мултисекторски пристап и сеопфатна анализа во која биле консултирани низа засегнати страни.Подготовката на законот траела една година, а како заинтересирани страни биле консултирани: Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, овластени испитни центри и автошколи, градот Скопје, Министерството за локална самоуправа, единиците на локалната самоуправа, Јавното претпријатие за државни патишта, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Секретаријатот за законодавство, Министерството за финании и др.

На јавната расправа со свои мислења, предлози, забелешки и коментари учествуваа: Стојче Стаменковски претседател на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Благоја Мартиновски и Ленин Јовановски од Мотоциклистичка федерација на Македонија, Ранко Станојковски од Автомобилистичка федерација на Македонија, Влатко Ѓуроски од Автомото сојуз на Македонија, Јонче Апостоловски од Национално здружение на автошколи и возачи-инструктори, и пратениците Нола Исмајлоска Старова, Роза Топузова Каревска, Павле Трајанов и Андон Чибишев.

Во дискусиите беше поздравено донесувањето на нов закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, истиот е особено значаен бидејќи секој граѓанин е засегнат од законот. Беше укажано на потребата за допрецизирање и подобрување на одредени решенија од Предлог-законот со цел да се обезбеди квалитетен закон како и негова ефикасна примена во праксата.

http://www.sobranie.mk/



*« Целта на донесување на новиот закон е надминување на одредени недоследности од досегашната примена на законот како и заради усогласување со правото на ЕУ од соодветната област, со Директивата на Советот (91/671/ЕЕЗ), Директивата на Европскиот парламент и Советот 2003/20/ЕЗ и Директивата 2006/126/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот»*

## Посета на г. Арлем Дезир, државен секретар за европски прашања при Министерството за надворешни работи и меѓународен развој на Република Франција

Во рамките на посетата на Република Македонија, на Француската делегација, во состав г. Арлем Дезир државен секретар за европски прашања при Министерството за надворешни работи и меѓународен развој на Република Франција и пратеникот и претседател на парламентарната група за пријателство со Франција г. Филип Дурон, на 02 септември 2015, во Собранието се одржа заедничка средба со членовите на Комисијата за европски прашања и на Комисијата за надворешна политика.

Заменик-претседателот на Комисијата за европски прашања, г-ѓа Нора Алити која претседаваше со средбата, ја истакна важноста за натамошно продлабочување на парламентарната соработка на двете пријателски држави.

Господин Дезир, истакна дека Франција и понатаму ќе продолжи да ја поддржува Македонија на патот кон ЕУ И НАТО. Дезир ја потенцира сериозноста на проблемот со големиот наплив на бегалци од Сирија, но и од другите земји од Блискиот Исток и од Северна и Централна Азија, за Македонија како транзитна земја на рутата на бегалците, но и за земјите на ЕУ, како нивна крајна дестинација.

На средбата беа разменети мислења и ставови за евроинтегративните процеси на Македонија и пошироко во регионот, но и за актуелните состојби во Европската унија.

http://www.sobranie.mk/



## ПРИОРИТЕТ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Е НЕОДЛОЖНО ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПРЕГОВОРИТЕ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА



На шестата седница на Националниот совет за евроинтергации на Собранието на Република Македонија што се одржа на 18 септември годинава, обраќање имаше г. Јоханес Хан, комесар за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија.
На седницата се обратија и г-ѓа Лидија Димова претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г.Илија Димовска, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции како и г.Фатмир Бесими Заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања.
На седницата беа поканети и учествуваа претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика,Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, амбасадорот Аиво Орав шеф на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија како и амбасадорите на земјите-членки на ЕУ во Република Македонија.
Претседателот на Советот г-ѓа Димова во воведно обраќање го поздрави присуството на комесарот Хан и искажа благодарност за неговата посветеноста и пресудниот ангажман за надминување на политичката криза.
Еврокомесарот Хан посочи дека неговата посета е во едно исклучително тешко време за европскиот континент, кој се соочува со бегалската криза и дека ова е предизвик не само за Македонија, туку и за Европската унија, што бара европско решение.



Еврокомесарот Хан ги поздрави досегашните постигнувања кои произлегоа од неодамна потпишаниот договор помеѓу лидерите на четирите политички партии, враќањето на опозицијата во Собранието, донесувањето на Законот за специјалниот обвинител и именувањето на специјалниот обвинител.
Одржувањето на состанокот на Пристапниот дијалог на високо ниво, ќе значи продолжување на дијалогот што се покажа како важен катализатор на реформите во петте клучни области, како и апел за отворање на двете важни поглавја 23 и 24.
Во дискусијата учествуваа г-ѓа Ермира Мехмети претседател на Комисијата за европски прашања, г.Кенан Хасипи претседетел на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, г.Александар Николовски член на Советот и на Комисијата за надворешна политика, г-ѓа Мерал Узеири Ферати член на Советот, г.Насер Селмани од Здружението на новинари на Македонија, г.Димитар Мирчев член на Советот, од кабинетот на претседателот на Република Македонија и г-ѓа Солза Грчева, незвисен пратеник.
Присутните беа едногласни дека приоритет во наредниот период е спроведувањето на останатите изборни рефоми, како и позитивна препорака на Македонија во рамките на претстојниот годишен извештај за напредокот на земјата за 2015 година и неодложно отпочнување на преговорите со Унијата.

http://www.sobranie.mk/

## ОДРЖАН ПЕТТИОТ СОСТАНОК НА ПРИСТАПНИОТ ДИЈАЛОГ НА ВИСОКО НИВО МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Петтиот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН) меѓу Република Македонија и Европската комисија се одржа во Скопје, на 18 септември 2015 година.

Со состанокот ко-претседаваа Претседателот на Владата на Република Македонија, г-дин Никола Груевски и Комесарот Јоханес Хан. Покрај владините министри, на состанокот исто така учествуваа претседателот и потпретседателот на Националниот совет за европска интеграција и претставниците на четирите главни политички партии застапени во Собранието, кои дадоа активен придонес кон дискусијата.

На состанокот се разгледа напредокот во однос на спроведувањето на политичкиот договор, како и итните реформски приоритети. Меѓу областите кои се издвојуваат како клучни приоритети во спроведувањето на реформите спаѓаат и почитувањето на независноста на судството и медиумите, владеењето на правото и основните права, реформата на јавната администрација, како и реформата на изборното законодавство.

Назначувањето на Јавен обвинител за истрага на дела поврзани со и кои произлегуваат од содржината на незаконски прислушуваните разговори, се поздравува како значаен чекор во правец на исполнување на обврските од политичкиот договор. Комисијата ги поттикнува сите инволвирани страни да продолжат со интензивните консултации, а со цел исполнување на преостанатите обврски.

Особено е значајно времето на одржување на овој состанок на ПДВН, само неколку недели пред Извештајот на Европската комисија за напредокот, во кој ќе биде вклучена и оценка за вкупниот напредок постигнат во однос на овие и во однос на сите останати критериуми поврзани со пристапувањето.

Заеднички беше заклучокот дека ПДВН и натаму дава значајна поддршка на процесот на пристапување на земјата, овозможувајќи активностите да се концентрираат на клучните реформски приоритети. Исто така, беше потврдена и важноста за добри меѓуетнички односи и потребата за инклузивен и транспарентен пристап, како и консултирање и инволвирање на граѓанските организации.

Во целина, преземени се активности во однос на целите поставени во владиниот Акциски план и Итните реформски приоритети, но сè уште преостанува многу да се сработи.

Во периодот пред предвремените парламентарни избори во април 2016 година, треба да се одржи динамиката на реформи и да се обезбедат континуирани и делотворни активности за спроведување.

Претседателот на Владата, г-динот Груевски, ја потврди заложбата да се продолжи со итните реформски приоритетни активности и ја реафирмираше главната цел на земјата за почеток на преговорите за членство во ЕУ.

Комесарот Хан ја потврди потребата од целосно и интензивно исполнување на преостанатите обврски од политичкиот договор и итните реформски приоритети. Европската комисија останува подготвена да и помогне на земјата да ги исполни обврските.

http://www.mfa.gov.mk/

---

**Пристапниот дијалог на високо ниво** (ПДВН) претставува механизам кој се воведе во односите меѓу Република Македонија и ЕУ, во март 2012 година. Воспоставениот ПДВН, и новиот приод на Европската комисија за почеток на скринингот во поглавјето 23-Правосудство и човекови права и поглавјето 24-Правда, слобода и безбедност кој за прв пат се примени со Црна Гора, воспоставување на технички дијалог во рамки на овие две поглавја, даде нова динамика во односите со Република Македонија.
Од воведувањето одржани се 5 состаноци на ПДВН: на 15 март 2012, 07 мај 2012, 17 септември 2012, 09 април 2013 година и 18 септември 2015 година.

## ДВА НОВИ САТЕЛИТИ ЗА СИСТЕМОТ GALILEO



Европската унија, на 11 септември годинава лансираше во орбитата два нови сателити за системот на наведување - GALILEO, чија цел е да се намали зависноста од американскиот систем на позиционирање ГПС, како и да ги подобри услугите за корисниците.
Планот на Брисел е во 2016 да започне со давањена услуги на корисниците, додека во 2020, системот Галилео би бил целосно функционален. Галилео и американскиот ГПС се компатибилни.
Француската компанија Arianespace најави дека руската ракета - Сојуз, успешно ги поставила сателитите 9 и 10 на системот Галилео, кој до 2020 би требало да брои вкупно 30 сателити. Повеќето од сателитите ќе бидат резервни. Ракетата Сојуз била лансирана на 10 септември во 23.08 часот од ракетниот центар Синамари во Француска Гвајана.
Првите два сателити на системот Галилео лансирани се во октомври 2011 година.
Во март 2015 година во орбитата успешно се поставени сателитите 7 и 8, додека сателитите 11 и 12 ракетата Сојуз треба да ги постави во декември годинава. Во поставувањето на сателитите ќе се вклучи и ракетата Аријана 5 ЕС со четири сателити во втората половина на 2016 година.
Преносот на податоци преку сателит се применува во телефонијата, телевизија, авијација и морскиот транспорт. Преку системот Галилео посебно ќе се подобрат овие услуги.
Галилео ќе помогне во активностите за пребарување и спасување кај пожарникарите и полицијата, спасувачите на море и во планините. Исто така ќе го олесни управувањето со земјоделското земјиште, надзор и развојот на градовите и навигацијата.
„Поставувањето на првата генерација сателити Галилео ќе чини бруто 7 милијарди евра. Ќе бидат потребни уште 500 до 600 милиони евра за функционирање, одржување и обновување на сателитите“, истакна директорот на програмата Галилео во Европската космичка агенција ЕСА, Дидие Фаивре.

http://www.esa.int/Our_Activities/Navigation/The_future_-_Galileo/What_is_Galileo

---




## ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА МИРОТ

Меѓународниот ден на мирот на 21-ви септември се одбележува секоја година ширум целиот свет. Генералното собрание на Обединетите нации го прогласи како ден посветен на зајакнување на идеалите на мирот помеѓу сите народи и народности.
Темата на овогодинешното одбележување на овој ден е „Партнерство за мир – достоинство за сите“, со цел да се истакне важноста сите сегменти на општеството да работат заедно и да се залагаат за мир.
Работата на Обединетите нации не би била можна без првичните партнерства кои биле активни во создавањето на илјадници партнерства секоја година помеѓу владите, граѓанското општество, приватниот сектор, религиозните групи и други невладини организации, кои се потребни за поддршка на Организацијата во остварувањето на своите идни цели.
Меѓународниот ден на мирот беше воспоставен во 1981 година со Резолуцијата 36/67 на Генералното собрание на Обединетите нации. Првиот Ден на мирот беше одбележан во септември1982 година.
Во 2001 година, Генералното собрание на ОН едногласно ја усвои резолуцијата 55/282, со кој 21 септември беше одреден како годишен ден на ненасилството и прекин на огнот.
*„Ги повикувам сите завојувани страни да го положат оружјето и да го проследат глобалниот прекин на огнот. Запрете со убиствата и уништувањето и создадете простор за траен мир.“ порака од Генералниот секретар на ОН, Бан Ки-Мун, по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на мирот.*

http://www.un.org/en/events/peaceday/

## ВО 2014 ИЗГУБЕНИ 18 МИЛИОНИ ХЕКТАРИ ШУМИ ВО СВЕТОТ

Според Институтот за природни ресурси во светот од Вашингтон, во 2014 година во светот исчезнале повеќе од 18 милиони хектари шуми, што претставува двапати поголема површина од државата Португалија. Според податоците од Институтот, само во тропските предели изгубени се 9,9 милиони хектари, и се забрзува процесот на уништување на шумите. Според студијата на инстутутот оваа појава е најизразена во земјите од Западна Африка, во долината Меконг и платото Гран Чако во Латинска Америка, поради проширувањето на економските активности.

Во надзорот на исчезнувањето на шумите најмногу внимание се посветува на ситуацијата во Бразил и Индонезија, бидејќи ја имаат најголемата тропска шума во светот. Во двете земји, во 2014 година во помала мера било забележано намалување на шумската област.

Во последната деценија Бразил успеал да ја намали загубата на шумите за 70%, и е добар пример за зачувување на шумите.

Индонезија неодамна го продолжила мораториумот за да спречи издавање на дозволи за чистење во некои од своите најбогати шуми.

Сепак, во 2014 година учеството на другите земји во исчезнувањето на тропските шуми изнесува повеќе од 62%, додека во 2001 година нивниот удел бил 47%.

Според Институтот за природни ресурси во светот од Вашингтон, ситуацијата е особено загрижувачка во Камбоџа, каде од 2001 до 2014 е најзабрзан процесот на уништувањето на шумите. Во оваа земја во 2014 година била загубена шумска површина дури четири пати поголема од 2001 година.

Според истражувачите, исчезнувањето на шумите во регионот Меконг и зголемувањето на цената на каучукот на пазарот се поврзани, односно дека зголемувањето на цените на тие производи го зголемуваат и уништувањето на шумите.

Во неколку африкански земји: Сиера Леоне, Либерија, Гвинеја, Гвинеја-Бисау и Мадагаскар, шумите исто така брзо исчезнуваат.

Во Демократска Република Конго, Конго-Бразавил, Камерун, Централна Африканска Република и Габон, пошумените подрачја исчезнуваат како резултат на производство на палминото масло и дрвена граѓа.

Во Латинска Америка, на платото Гран Чако во делот кој се простира во Парагвај, Боливија и Аргентина, шумите брзо исчезнуваат поради одгледување говеда и соја.

Во студијата на Институтот за природни ресурси во светот која го следи исчезнувањето на шумите, опфатени се сите видови на шуми, од тропските шуми во Индонезија до планските засадување во Европа.

http://www.wri.org/our-work/topics/forests



***« Во светот во 2014 година исчезнале повеќе од 18 милиони хектари шуми, што е двапати поголема површина од Португалија, извести Институтот за природни ресурси во светот»***

## РЕГИОНИТЕ НА ЕУ БАРААТ ПОДОБАР ПРИСТАП ДО СРЕДСТВАТА ОД ПЛАНОТ НА ЈУНКЕР



Европската инвестициона банка се обидува да го намали скептицизмот кај локалните самоуправи во однос на инвестицискиот план на претседателот на Европската комисија, Жан Клод Јункер.

Планот на Јункер претставува стратегија за инвестиции преку која во ЕУ до 2017 година се очекува да обезбеди 315 милијарди евра во инфраструктурни проекти.

Претставниците на локалните власти од цела Европа на 1 септември 2015 година одржаа состанок на Комитетот на регионите, во Европската инвестициска банка.

Некои членови на Комитетот на региони укажуваат дека има премногу бирократија во однос на средствата од инвестицискиот план, со што локалните самоуправи се држат подалеку од пристапот до средствата.

Европската комисија постави независна комисија за инвестиции која ќе одлучува за апликациите за средствата од Европскиот фонд за стратешки инвестиции.

Комитетот на регионите на почетокот на годината предупреди дека Планот на Јункер може да ги исцрпи паричните средства од кохезионите фондови на ЕУ. Парламентот во јуни наведе дека јавните средства од планот на Јункер се одделни, во однос на средствата од кохезионите фондови на ЕУ кои се од корист на регионите на ЕУ.

Претседателот на Комитетот на регионите Марку Маккула повика средствата од Планот на Јункер да се канализираат кон локални и мали проекти. Тој истакна дека се уште постојат бариери кои ги попречуваат малите бизниси и локалните власти во изнаоѓање на нови инвестициски фондови на ЕУ.

Според заменик-градоначалникот на градот Луксембург, г-ѓа Симоне Беисел, олеснувањето на процесот на аплицирање кај Европскиот фонд за стратешки инвестиции ќе значи и полесно добивање на средства од страна на компаниите.

Преку Јункеровиот план, Луксембург аплицира за финансирање на енергетски и транспортни проекти, вклучително и паркинг простори низ француската граница со што ќе се ослободи сообраќајниот метеж на границата.

http://www.euractiv.com/sections/eu-priorities-2020/

***ЕУ КАЛЕНДАР/ октомври 2015***

1. Пленарни седници на Европскиот парламент: од 5 до 8 октомври 2015 во Стразбур; на 14 октомври 2015 во Брисел и од 26 до 29 октомври во Стразбур;
2. **Европска комисија - презентација на Пакетот за проширување 2015 (вклучува Годишна стратегија на ЕУ за проширување и главните предизвици придружена со извештаите за напредокот на земјите од процесот на проширување), октомври 2015**;
3. "Отворени денови 2015" - Европска недела на региони и градови, од 12-15 октомври 2015 во Брисел;
4. Конференција "ИКТ 2015-Иновирај, поврзи, трансформирај", од 20 до 22 октомври 2015, во Лисабон;
5. "Aerodays 2015", од 20-23 октомври, во Лондон;



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 33 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија во периодот јануари 2011-јуни 2012 година беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*